Ракавиците од подземниот премин

Ана, на која ѝ студеше во рацете, купуваше волнени ракавици во подземниот премин на станицата на метрото „Театрална“.

„Купете уште едни“, ѝ рече жената, подигајќи ги темните измачени очи. „Купете за себе и за сопругот.“

„Јас немам сопруг“, одговори Ана.

„Ни јас“, воздивна жената. „Ама имам син. Тој е кај Бахмут. Јас плетам чорапи за неговата бригада. Ракавици им требаат поинакви, за да не им се лизга од раце автоматот, а чорапите добро им доаѓаат на студот.“

„Како се вика вашиот син?“

„Андриј.“

Ана купи два пара ракавици од мајката на Андриј, кој се бори некаде кај Бахмут. Таа се спушти во метрото и му се придружи на човечкиот мравјалник, кој се движеше кон станицата „Золоти Ворота“. Сите се движеа молкум, брзо, со мали чекори, трудејќи никого се да не поткачат со рамо. Купените ракавици ги дуеја џебовите на волнениот капут на Ана.

На станицата „Золоти Ворота“ беше студено и немаше многу луѓе. На клупата пушеше едно воено лице, кое цигарата ја држеше во левата рака. Од лактот на десната рака висеше празниот ракав на јакната. Ана седна до него. Ги извади од џебовите ракавиците. На едната стра-

на од себе го стави едниот пар, на другата страна – другиот. Нејзините прсти за неколку минути помодреа од студ. Најпосле ги облече ракавиците – тие што ѝ беа одлево. Тие беа многу меки, топли, не боцкаа. Тоа беа темносини ракавици со пет прсти, со мало црвено срценце на дланката. Беа малку преголеми за нејзините раце. Вториот пар ракавици остана на клупата. Военото лице ги погледна и ја спушти главата подлабоко во јакната.

„Не ви студи во раката?“ Ана ги поттурна ракавиците кон него.

„Студи. И не само во едната“, тој ѝ се насмевна низ облачето чад. „Другата и како да ја нема и како да ја има. Порано, кога пушев, цигарата ја држев во десната, сега цело време заборавам, посегнувам со неа кон џебот.“

„Земете ги ракавиците“, Ана ги поттурна поблизу до него.

„Ти ги сплете?“

„Не, ги сплела мајка му на Андриј, кој сега се бори кај Бахмут.“

„Авијација? Пешадија?“

„Јас не знам. Најважно е тоа што е жив.“

„И тоа е вистина. Еве, јас сум жив. За чудо. Ама без рака. Ништо. Набрзо ќе имам, исто како моја. Чекам на ред за нова рака. Да бев овде, можеби и ќе ми ја спасеа. Но таму, на првата борбена линија, не се заморуваат многу со здробени коски.“

„Ќе ги земете ракавиците?“

Тој го стисна догорчето врз кантата и со левата рака ги погали ракавиците.

„Добро, ќе ги земам, дури и двете. Кога ќе имам нова рака, можеби и во неа ќе ми студи.“ Војникот потстана, си ја стави во ранецот десната ракавица, а левата, со заби придржувајќи ја, вешто си ја навлече.

„Точно како за мене. Благодарам. Секоја чест за мајка му на Андриј од Бахмут.“ Ја испружи дланката во ракавицата. „Сега ќе бидам со вашето срценце во дланката.“

Вечерта Ана требаше да си оди во својот град. Си купи билет онлајн. Ја тегнеше рачката на куферот по Плоштад Вокзална, но во рацете во ракавиците не ѝ студеше.

Во купето веќе имаше две млади девојки и еден сед маж со огромен ранец. Се враќаше од фронтот дома. Тој постојано молчеше и се обидуваше да фати мрежа на телефонот. Некој му пишуваше, и лице му го осветлуваа блесоците од пораките. Усните му затреперуваа и одвај забележливо му се смешкаа, очите му се разведруваа. На масичката имаше ракавици, сосема исти како нејзините.

Таа ги извади од џебовите своите и ги стави до нив. Два пара темносини ракавици близнаци, со срценца во дланките.

Војникот го крена погледот од екранот и ги погледна ракавиците.

„О! Каква коинциденција. Такви плете мајката на мојот командир. Во војна тие не се згодни, но јас многу ги сакам, си ги носам со себе. Мајчино срце во дланка. Тоа важи и за мојата стара исто така.“

„А командирот се вика Андриј?“

„Да.“

„И тој се бори кај Бахмут.“

„Сега веќе не е таму. Но сè е во ред со него.“

„А мајка му не знае.“

„Мајките не мора секогаш да знаат каде им се синовите. Важно е да знаат дека тие се живи и во топли чорапи и ракавици.“

